ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

**Крива Паланка 09.07.2025 год.**

**ЗАПИСНИК ОД ОДРЖАН СОСТАНОК НА ШТАБОТ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

Состанокот се одржа на ден 09.06.2025 година во 9.00 часот во кабинетот на градоначалникот на Општина Крива Паланка, а истиот беше свикан на иницијатива на Градоначалникот Сашко Митовски.

На состанокот беа присутни:

- Градоначалникот на Општина Крива Паланка **Сашко Митовски**
- Раководител на одделени за инспекциски надзор **Бранко Велиновски**
- Командир на полициска станица **Роби Давидовски**
- Камандир на ТППЕ Крива Паланка **Иле Коцевски**
- ЈП Национални шуми под. Осогово Крива Паланка **Родна Стојнева**
- Раководител на ДЗС подрачно одде. Крива Паланка **Митко Ангеловски**
- Раководител на ЦУК подрачно одде. Крива Паланка **Стојадин Гоговски**
- ЈП Комуналец **Дејан Стојановски**

На состанокот беа пристни и лица кои не се членови на Кризниот штаб поради сериозноста од преземање на превентивни мерки за заштита од шумски пожари затоа штабот работеше во проширен состав.

На состанокот се дискутираше по следниве точки:

1. **Согледување на актуелната состојба за заштита од пожари**
2. **Донесување на соодветни Заклучоци и препораки;**
3. **Разно;**

По согледување на актуелната состојба од присутните на состанокот за заштита од шумски пожари на подрачјето на Општина Крива Паланка и дадените информации од присутните на состанокот беа донесоа препораки и заклучоци за дејствување во случај на пошари и преземање на соодвртни мерки.

По исцрпената дискусија беа донесени следните заклучоци и препораки до јавноста од координативноит состанок за превенција и справување со шумски пожари:

**Заклучоци:**

1. Итно активирање на превентивни теренски активности, вклучително и чистење на сув растителен материјал и забранети патеки во критичните шумски подрачја.

**2**. Јавно претпријатие „Национални шуми“ и Шумска полиција да извршат вонредни контроли на ризични територии, особено во периоди со високи температури.

**3.** ТППЕ и ЦУК да подготват заеднички оперативен план за интервентни активности во случај на пожар, со ажурирана мапа на пристапни точки и водни извори.

**4.** Општината и јавните претпријатија да обезбедат поддршка со механизација и резервоари со вода, особено во села без хидрантска мрежа.

**5.** Формирање на кризна комуникациска група (Вибер/СМС/радио), во која ќе бидат вклучени сите институции и месни претставници, за брза размена на информации.

**6.** Да се воспостават дежурства и патролни служби во критичните денови, со посебен фокус на викендите и празниците.

**7.** Се задолжуваат месните заедници и здруженијата на граѓани да пријавуваат движења, неправилности и сомнителни активности во шумски подрачја.

**8.** ЈП „Македонски шуми“ да преземе активности за расчистување на селски земјани патишта според утврдени приоритети.

**9.** Граничната полиција превентивно да изврши попис на селски извори и базени на приватни лица за приоритетни потреби.

**10.** ЈП Комуналец да изврши проверка на исправноста на хидрантската мрежа.

**11.**ЕВН да преземе активности за расчистување на секундарната мрежа од инсталации и преплет на жици.

**12.**Секоја институција да формира тимови и одговорни лица кои ќе бидат на располагање на општинскиот кризен штаб.

**13.**Полициските патроли и останатите институции да носат напрскувачи во своите теренски возила во случај на превенција во шумски предели.

**Препораки до јавноста:**

1. Строго е забрането палење оган на отворен простор во и околу шумски предели – и најмалото невнимание може да предизвика трагични последици.
2. При забележан чад, пламен или сомнителни активности, веднаш јавете се на бројот за итни случаи 193 (пожарна) или 112 (ЦУК).
3. Не оставајте стакло, шишиња или друг запалив отпад во природа – тоа може да предизвика самозапалување.
4. Избегнувајте движење со моторни возила низ шумски патишта во суви денови, освен во случај на неопходност.
5. Соработувајте со институциите – вашето внимание и пријава можат да спасат живот и природа.
6. Следете ги официјалните известувања од Општина Крива Паланка и надлежните служби на социјалните мрежи и медиумите.
7. Во случај на потреба од евакуација, следете ги упатствата од надлежните органи и останете смирени.
8. Апел за рационално користење на водата за пиење.
9. Апел до граѓаните да преземат активности за косење на своите дворни површини заради лесно палење на своите куќи.

Состанокот заврши во 10.00часот.

**Крива Паланка 09.07.2025 година**

**ОПШТИНСКИ ШТАБ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник**
**Сашко Митовски**